**Клуч за тест за регионален натпревар по гегоргафија за VI (шесто) одд.**

**Учебна 2022/2023**

1.

| | |
|---|---|
| Во кое созвездие најсјајна ѕвезда е Сириус? | **Големото куче** |
| За колку време планетата Плутон еднаш ќе го заобиколи Сонцето? | **248 години** |
| Кога Халеевата комета пак ќе се појави, ако последен пат е видена од Земјата во 1986 година? | **2061 година** |
| Како се нарекува вистинската форма на Земјата (форма на неправилен елипсоид)? | **Геоидна форма** |
| Колкава е одалеченоста на Сонцето од Земјата на 22 декември? | **147 милиони километри** |

2. Одреди ги координатите на точките

**А. $30^0$ ИГД и $15^0$ СГШ**

**Б. $30^0$ ЈГШ и $30^0$ ЗГД**

| | |
|---|---|
| Кои континенти се наоѓаат во западниот планиглоб? | **Северна и Јужна Америка** |
| Кој топлински појас се наоѓа помеѓу $23^0$27'сгш и $66^0$33' сгш? | **северниот умерен појас** |
| Кој меридијан е прогласен за датумска граница? | **180-от меридијан** |
| Со кој размер се изработуваат Плановите? | **1:100 до 1:10.000** |
| Со што се мери растојанието од екваторот до половите? | **Меридијански степен** |

4. Колку километри е растојанието помеѓу две точки ако на карта со размер 1:25000 тие се одалечени 6см? **1.5km**

5. Потполни во табелата која Земјина сфера одговара на соодветниот поим.

| | |
|---|---|
| **Сиал зона** | **Површинскиот слој од Земјината кора** |
| **Сидосфера** | **Земјиното јадро** |
| **Нифе зона** | **Обвивката на Земјиното јадро** |
| **Сима зона** | **Најдлабокиот слој од Земјината кора** |

6. Кои сили дејствуваат за појавата на тектонските движења, вулканите и земјотресите?

**Внатрешните сили**

7. Напиши ги деловите на вулканот според бројот.

**1. Вулканска купа**

**2. Кратер**

**3. Канал**

**4. Лежиште на магма**

8. Со кој имструмент се мери појавата на земјотресите и нивната јачина?

**Сеизмограф**

9. Како се нарекува напластувањето на разорениот материјал?

**Акумулација**

10. Какви карпи се бигорот и гипсот, според настанувањето?

**Напластени или седиментни карпи**

11. Која метаморфна карпа настанува со преобразба на варовникот?

**Мермерот**

12. Светското Море зафаќа површина од **361 милион km2** или **71%**, а копното **149 милиони km2** или **29%**.

13. Колкава површина зафаќа Евроазиското копно? **54 милиони km2**

14. Како се наречени првите два слоја на почвата?

**живица и мртвица**

15. Кои почви се сиромашни со хумус, се распоредени во подрачја со топла и влажна клима? **Црвените или латеритните почви**

16. Светското Море зафаќа површина од **361 милион km2**.

17. Кој океан се простира меѓу Африка, Азија и Австралија?

**Индискиот океан**

18. Дополни ја реченицата.

Според местоположбата морињата можат да бидат:

**рабни, средоземни и меѓуостровски**

19. Дефинирај го поимот Брегова линија.

**Линијата на која се допираат копното и морето**

20. Дополни ја реченицата.

Водата во морињата и океаните се движи во вид на: **бранови**, **морски струи** и **плима** и **осека**

21. Каква морска струја е Гренландската струја? **ладна морска струја**

22. Поради што настануваат плимата и осеката?

**Плимата и осеката настануваат поради привлечните сили на Месечината и Соцето.**

23. Како се вика насобраната подземна вода?

**подземен издан или вир**

24. Дополни ја реченицата.

Според потеклото на водата, изворите се делат на: **вадозни**, **јувенилни** и **мешани**.

25. Колку изнесува температурата на водата кај топлите извори?

**над 25C$^{0}$**

26. Наведи ги деловите на реката

**1.извор,**

**2. речен тек и**

**3. утока.**

27. Кои типови на устија или вливови постојат?

**нормално, делта, естуар и ријас.**

28. Дополни ја реченицата.

Природните езера во зависност од настанокот на езерскиот басен се делат на: **котлински** или **тектонски**, **варовнички** или **карстни**, **леднички** или **глацијални**, **речни** и **вулкански**.

29. Кои моринја ги поврзува Суецкиот канал?

**Средоземно море и Црвено море**

30. Кои два гаса се најмногу застапени во составот на атмосферата?

**азот и кислород**

31. Напиши ги сферите во соодветните полиња.




32. Која сфера се наоѓа во средишниот дел на Стратосферата?

**озоносферата**

33. Дефинирај го поимот Температурен градиент.

**Намалувањето на температурата на воздухот со зголемувањето на надморската височина се вика температурен градиент.**

34. Како се нарекува воздушниот притисок кој се појавува само над нивото на морето при 0°C, на 45° северна или јужна географска широчина?

**нормален воздушен притисок**

35. На означеното место напиши ги имињата и големината на океаните.


Северниот Леден Океан со површина од 13 милиони km2
Атланскиот Океан со 93 милиони km2.
Тихи Океан со површина од 180 милиони km2
Индискиот Океан со површина од 75 милиони km2